***Број: 02 - 2366/2***
***28.02.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXX -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 28.02.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси;*
- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXIX седница на УО одржана на 11.02.2008 година.*

1. *Завршна сметка за 2007 година;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
3. *Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки;*
4. *Програма за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година;*
5. *Предлог за утврдување на висината на паушалот за членовите на првостепената комисија за лекување во странство;*
6. *Информација за поведените судски постапки за наплата на неплатениот придонес за здравствено осигурување за вработените во Амбасадата на Република Турција;*
7. *Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Одобрување на средства за проект ХОПЕ;*
9. *Разно*

*Страшо Наумоски потсети дека на претходната седница ги извести членовите на Управниот одбор дека од Лекарската комора на Македонија е упатено барање за одобрување на средства за обука на лекарите за работа со компјутерските програми. Бидејќи барањето тогаш сеуште не беше пристигнато се одлучи да се разгледува по пристигнувањето, односно на наредната седница. Затоа побара тоа да биде ставено на дневниот ред на оваа седница.*

*Директорот Тренкоски предложи Одлуката за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита да биде ставена на дневниот ред од аспект на продолжување на нејзиното временско важење.*

*Борис Јосифовски побара информација за снабденоста на аптеките со лекови поради забелешките дека постои недостаток.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлозите за дополнување на дневниот ред, по што го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXIX седница на УО одржана на 11.02.2008 година.*

1. *Завршна сметка за 2007 година;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
3. *Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки;*
4. *Програма за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година;*
5. *Предлог за утврдување на висината на паушалот за членовите на првостепената комисија за лекување во странство;*
6. *Информација за поведените судски постапки за наплата на неплатениот придонес за здравствено осигурување за вработените во Амбасадата на Република Турција;*
7. *Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Одобрување на средства за проект ХОПЕ;*
9. *Разно*
   - 9.1 *Мислење од стручната служба за барања од здравствените установи за корекција на буџетските плафони;*
   - 9.2 *Барање од ПЗУ „Д-р Биљана Коцевска" од Велес;*
   - 9.3 *Барање од ПЗУ „Д-р Наумче Мицески" од Охрид;*
   - 9.4 *Барање од Лекарската комора на Македонија за одобрување на средства за обука на лекарите за работа со програмите;*
   - 9.5 *Барање од Министерството за здравство за изменување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
   - 9.6 *Информација за снабденоста на аптеките со лекови;*
   - 9.7 *Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје;*
   - 9.8 *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита;*
   - 9.9 *Приговори од работни односи*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXIX седница на Управниот одбор одржана на 11.02.2008 година.*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од XXIX седница одржана на 11.02.2008 година.*

***ТОЧКА 1-*** *Завршна сметка за 2007 година*

*Објаснување по оваа точка даде Ромела Поповиќ Трајкова која наведе дека завршната сметка се изготвува како обврска според Законот за сметководство и до Централниот регистар треба да се предаде до крајот на февруари. Инаку, во подготовка е Годишниот извештај каде подлабоко се анализираат состојбите. Состојбата прикажана во завршната сметка е од крајот на минатата година односно од 31.12.2007. Истакна дека, видливо од завршната сметка е дека Фондот има остварено за 1,066 милијарди денари повеќе приходи отколку расходи. Овие средства Фондот не можеше да ги искористи поради лимитот на буџетот. Потоа по ставки ја објасни структурата на приходите и расходите во 2007 година.*

*Понатаму објасни дека од прегледот на сите јавни здравствени установи се гледа колкав е буџетот на секоја одделно, колку услуги фактурирале кон Фондот како и колку им е платено. При плаќањата Фондот секогаш води сметка за буџетскиот плафон на установата. Согласно Правилникот усвоен од Управниот одбор, ваквиот начин на плаќање ќе се применува до јуни а потоа ќе се премине на плаќање според ДРГ.*

*Според Снежана Костадиноска Милошеска, треба да се изрази задоволство од резултатите прикажани во завршната сметка кои покажуваат дека работењето на Фондот се поставува на добри основи. Но тоа не значи дека Управниот одбор нема да бара уште подобри резултати. Истакна дека зголемувањето на приходите од придонес од 6% е резултат на зголемувањето на платите во минатата година поради што очекува уште поголемо зголемување на овие приходи. Исто така смета дека и кај приходите од партиципацијата има простор за подобрување. Потоа истакна дека проблем претставува нереализирањето на капиталните инвестиции.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека висината на прибраната партиципација е најголема во 2007 во однос на предходните години но уште има простор за зголемување. Приходот од партиципација која не се уплати во ФЗОМ беше искористен од страна на ЈЗУ за расчистување на старите долгови и им помогна во надминување на проблемите со тековната ликвидност. Истакна дека најголемо подобрување е постигнато кај прибирањето на заостанатите придонеси. Во однос на реализирањето на капиталните инвестиции истакна дека во оваа година се предвидени инвестиции во опрема кои полесно се реализираат од градежните зафати па се очекува во овој дел реализацијата да биде подобрена.*

*Директорот Тренкоски дополни дека имајќи го во вид фактот што тендерот за набавка на опрема за јавните здравствени установи ќе трае уште триесет дена а со оглед на можноста да има жалби извршениот избор, смета дека дури во јуни ќе се започне со реализација на инвестициите. Поради тоа, смета дека до крајот на годината тешко ќе може да се реализираат во целост. Наведе*

*дека инфективното одделение на болницата во Прилеп не се реализира во минатата година.*

*Трајче Леов во врска со ова нагласи дека за ваквите потфрлувања треба да се побара одговорност од менаџментот на установите кои не успеале да ги реализираат средствата како и отчет за што тие сресства биле потрошени.*

*Директорот Тренкоски наведе дека Фондот ќе изготви детална анализа на капиталните инвестиции во 2007 година и ќе посвети посебно внимание на контролата на буџетските расходни ставки.*

*Борис Јосифовски осврнувајќи се на прегледот праша што значи означувањето помалку од фактурираното и повеќе од фактурираното кај здравствените установи.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека во ниеден случај при плаќањето не е пробиен буџетот на одделна здравствена установа. Некои установи извршиле помалку услуги од определениот плафон а некои помалку но плаќањето е секогаш до висината на плафонот. Во прегледот за јавните здравствени установи во завршната сметка се искажани податоци за примени средства и фактурирани услуги. Исто така, во прегледот е прикажана и неуплатената партиципација за секоја здравствена установа за која се предлага таму кадешто има можност да се направи компензација со повеке фактурираните услуги во вкупен износ од 169.635.250 денари. Додаде и дека согласно договорите што Фондот ги склучува со јавните здравствени установи, со завршувањето на годината се отпишуваат сите побарувања и обврски помеѓу Фондот и здравствените установи и тоа за оваа година има помалку платено од фактурираното во вкупен износ од 1.343.787.808 и повеќе платено од фактурираното во износ од 1.880.031.470 денари. Потоа побара Управниот одбор да го поддржи отписот на побарувањата и обврските мегу Фондот и јавните здравствени установи како и неуплатената партиципација за 2007 година.*

*Управниот одбор го усвои предлогот за отпис на побарувањата и обврските помеѓу Фондот и јавните здравствени установи како и неуплатената партиципација за 2007 година, и ги задолжи службите да ја спроведат оваа одлука.*

*Борис Јосифовски праша дали во ДРГ услугата ги вклучува сите трошоци.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори потврдно, по што додаде и дека тоа е причината поради која во критериумите се влезени фактурираните износи од последните три години и плановите за видот и обемот на здравствените услуги на здравствената установа.*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека според историскиот критериум е тешко да се утврди реален буџет на здравствената установа, односно буџет кој нема да ја загрозува солвентноста на Фондот. Истакна дека проблемот со неуплатена партиципација од здравствените установи е сериозен и дека Фондот го решава така што кај некои установи врши пребивање со буџетот на установата а кај некои неуплатената партиципација останува како*

*задолжување. Додаде дека сакал или не, Фондот повремено ќе мора да интервенира во буџетите на јавните здравствени установи и ја истакна потребата да се посвети уште поголемо внимание на утврдувањето на нивните буџети.*

*Снежана Костадиноска Милошеска истакна дека се работи за состојба која е наследена и дека треба постепено да се подобрува.*

*По ова, претседателот на Управниот одбор ја заклучи расправата по првата точка на дневниот ред и Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на Завршната сметка на ФЗОМ за 2007 година***

***ТОЧКА 2-*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека со формирањето на Заеднички служби за клиниките во Скопје, Фондот со нив потпиша договор за реализација на старите долгови. Средствата за таа намена ќе одат на за тоа посебна ставка. Затоа предлагаме, во Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година да се избрише ставката „заеднички служби" а десет милиони од оваа ставка да се пренаменат за Клиниката за пулмологија бидејќи при утврдувањето на буџетот за оваа клиника од секторот на План и анализа беше направен превид.*

*Аљбон Џемаили праша како ќе се финансираат Заеднички служби по бришењето на ставката наменета за нив.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека Заеднички служби ќе се финансира од здравствените установи т.е. клиниките на кои им обезбедува услуги. За тоа Фондот во соработка со Министерството за здравство изготви упатство за фактурирање на услугите кои ги дава Заеднички служби а Фондот и понатаму ќе дозначува средства за старите долгови кои е должен да ги подмири според состојбата од 05.09.2007 со гаснењето на Универзитетскиот клинички центар.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали е водено сметка за мислењето на Министерството за финансии дека средствата од суфицитот на Фондот за здравствено осигурување не може да се користат за намирување на долгови. Кон прашањето се придружи и Љубиша Каранфиловски.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека и покрај мислењето на Министерството, Фондот со одлука на Владата е задолжен да ги намири долговите настанати со трансформација на Клинички центар, а за чиј наследник е назначен Заеднички служби. Се согласи ако има некој конструктивен предлог од каде да се обезбедат тие средства да се стави на разгледување. Истакна дека освен од реализираниот суфицит нема други*

*извори на средства да се подмири долгот на Универзитетскиот клинички центар после неговата трансформација. За реализираните средства по основ на стари долгови ќе се известува во месечниот извештај со посебна ставка издвоена од буџетските плафони кои се наменети исклучиво за пружање на договорениот вид и обем на услуги по јавна здравствена установа во 2008 година според правилникот на ФЗОМ.*

*По ова објаснување, предлог одлуката е ставена на гласање. Пет членови на Управниот одбор гласаа за одлуката, а Снежана Костадиноска Милошеска против. На тој начин Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

***ТОЧКА 3-*** *Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки*

*Златко Алексов објасни дека менаџментот на Фондот предлага мали измени во Планот за јавни набавки за 2008 година. Потоа по ставки ги објасни предложените измени:*

*Во класата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, од позицијата со реден број 14 се издвојува графички дизајн и изготвување на годишен извештај на ФЗОМ, во посебна позиција со реден број 30. Очекуван почеток на постапката е месец февруари, проценета вредност на договорот изнесува 5000 евра во денарска противвредност без ДДВ и видот на постапката е "Прибирање на понуди до 5000 евра". Оваа постапка се издвојува како пократкотрајна, со цел да се избегне ризикот од можно задоцнување за доставување на годишниот извештај до Министерството за здравство, Владата и Собранието на РМ, а постапката од која се издвојува истата, иако може сега да се спроведе преку постапка со прибирање на понуди со објавување на оглас, ќе остане да се спроведе преку отворена постапка, согласно Планот за јавни набавки за 2008 година, со цел да се докаже оправданоста од потребата за издвојување на оваа постапка.*

*Називот на позицијата бр. 15 од класа II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се менува од "Проценка на недвижен имот" во "Проценка на недвижен и движен имот".*

*Видот на постапката на позицијата бр. 3 – Сервисирање на фотокопир и други апарати, од класа II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги од "Прибирање на понуди до 5000 евра" се менуваво "Прибирање на понуди со објавување оглас".*

*Во класата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги од позицијата со реден број 28 се издвојува проектирање и предмер пресметки за реконструкција и санација на објекти, во посебна позиција со реден број 30. Очекуваниот почеток на постапката е месец февруари, проценетата*

*вредност на договорот изнесува 5000 евра во денарска противвредност без ДДВ и видот на постапката е "Прибирање на понуди до 5000 евра". Оваа постапка се издвојува од причина што е тешко да се предвиди кога ќе се завршат сите процедури околу преговорите кои се во тек со Фондот на ПИОМ за ПС Гевгелија и ПС Делчево за заедничките објекти и преговорите со Министерството за здравство за изградба на спрат на вториот кат во ЈЗУ во Радовиш и евентуално просториите во продолжение на аптеката во Неготино како можност за лоцирање на подрачните служби. Оваа постапка се издвојува и од причина што по завршување на преговорите со Фондот на ПИОМ и Министерството за здравство, не може да се предвиди потребното време за изготвување и обезбедување на целокупната документација како основен предуслов за отпочнување на работите.*

*Сите овие горенаведени причини би го пролонгирале почетокот на постапката за проектирање и предмер пресметка за реконструкција и санација на останатите подрачни служби која беше планирана да се спроведе во пакет.*

*Снежана Костадиниоска Милошеска укажа дека не е добро да се вршат чести измени на планот за јавни набавки што беше случај и со планот за 2007 година. Побара измените да се предлагаат поретко и тоа кога ќе има потреба за повеќе измени а не за секоја одделна потреба од измена да се предлага измена во планот. Укажа и на висината на средствата предвидени за графички дизајн на годишниот извештај на Фондот.*

*Златко Алексов објасни дека и според Законот за јавни набавки измените на планот се дозволени кога има потреба од нив, па измените се предлагаат за планот да биде во најдобар ред.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 4-*** *Програма за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека во Програмата се предвидени 400 милиони денари за инвестиции кои се дел од вкупно 30 милиони евра кои треба да се инвестираат во здравството за опрема. Нејзиното изготвување е направено во согласност со приоритетите утврдени од Министерството за здравство и врз основа на барањата на јавните здравствени со што во целост е усогласена висината на средствата како и установите во кои треба да се насочат.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Програма***
***за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година***

***ТОЧКА 5-*** *Предлог за утврдување на висината на паушалот за членовите на првостепената комисија за лекување во странство*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека со решение на директорот на Фондот се формира првостепена лекарска комисија за лекување во странство при Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Со истото решение се утврдува и надоместокот за работењето во паушален месечен износ кој сега изнесува 7.000 денари по член. Додаде дека со оглед на нивниот голем ангажман менаџментот на Фондот смета дека овој надоместок треба да биде зголемен на 12.000 за претседателот, 11.000 за заменикот на претседателот и 10.000 за останатите членови на комисијата. За ова, директорот бара поддршка од Управниот одбор.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали менаџментот ги имал преддвид максимумите утврдени од Владата.*

*Ромела Поповиќ Трајкова и Слаѓана Пешевска одговорија дека се работи за комисија на Фондот составена од стручњаци и максимумите утврдени од Владата не се однесуваат на неа. Дополнија и дека Комисијата е филтер на Фондот за непотребно упатување на лекување во странство и дека со совесното работење за Фондот остварува значителни заштеди.*

*Аљбон Џемаили праша колку често се состанува оваа комисија, на што доби одговор дека состаноци се одржуваат најмалку четири пати месечно а по потреба и повеќе.*

*По ова, Управниот одбор одлучи предлогот да се разгледува на следната седница за кога да се провери статусот на оваа комисија, односно дали за висината на надоместокот постојат ограничувања утврдени во некој пропис.*

***ТОЧКА 6-*** *Информација за поведените судски постапки за наплата на неплатениот придонес за здравствено осигурување за вработените во Амбасадата на Република Турција*

*Лазар Трајчев објасни дека до Управниот одбор на Фондот се пристигнати молби од вработени во Амбасадата на Република Турција, со барање за пресметување на придонесот за здравствено осигурување на помала основица и согласно на тоа намалување на барањето за неплатен придонес спрема молителите. Како што можат да видат членовите на Управниот одбор од доставениот материјал, молбите се придружени со потврди за висината на платата издадена од амбасадата. Се работи за македонски државјани кои согласно Законот за здравственото осигурување, како вработени во странско дипломатско претставништво, се самите обврзници за плаќање на придонесот. Во управната постапка водена од Подрачната служба Скопје, бидејќи не биле доставени потврди за висината на платата, согласно законот висината на придонесот за здравствено осигурување која беа задолжени да ја*

*платат се утврди врз основа на последните податоци за нивните плати доставени потпишани и заверени од страна на Амбасадата. По вложените жалби и негативните решенија од Министерството за здравство по кои тие и понатаму не го платија придонесот на кој беа задолжени, Фондот поведе судски постапки за наплата. Во судската постапка против еден од обврзниците, вештото лице со споредба на податоците за платениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување утврди дека задолжувањето за здравствено осигурување требало да биде и уште повисоко. И покрај тоа, сега тужените од Управниот одбор бараат да ја уважи сега изготвената потврда за висината на платата и да го намали барањето на Фондот во судските постапки. Смета дека не треба да се прифатат молбите и да се остави на судот да донесе конечна одлука.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша колкава е разликата помеѓу утврденото побарување од Фондот за кои е поднесена тужба и барањата на молителите.*

*Лазар Трајчев одговори дека според потврдите поднесени со молбите, Фондот ќе треба значително да го намали побарувањето.*

*Аљбон Џемаили наведе дека со овие спорови е запознаен и Министерот за здравство кој бара Управниот одбор на Фондот имајќи ги во вид односите на развиена пријателска соработка помеѓу Република Македонија и Република Турција во овој случај да направи исклучок и позитивно да им одговори на молителите.*

*Трајче Леов и Љубиша Каранфиловски имајќи го ова во вид, се изјаснија дека се согласуваат со позитивниот одговор на молбите но побараа да се нагласи дека тоа е по барање на Министерот за здравство а во интерес на пријателските односи помеѓу двете земји.*

*По ова претседателот на Управниот одбор побара од членовите да се изјаснат дали се за уважување на молбите по што Снежана Костадиноска Милошеска гласаше „против", а останатите присутни членови „за".*

*Со мнозинство на гласови, Управниот одбор одлучи молбите на обврзниците вработени во Амбасадата на Република Турција да се уважат, односно долгуваниот придонес за здравствено осигурување да се пресмета согласно доставените потврди од Амбасадата без камата но со пресметани трошоци на судската постапка. Судските постапки за наплата на долгот да се завршат со судска спогодба во висина на долгуваниот придонес за здравствено осигурување согласно доставените потврди од Амбасадата без камата но со вклучени трошоци што Фондот ги имал за судските постапки.*

***ТОЧКА 7-*** *Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Слаѓана Пешевска објасни дека во материјалот што е поделен на членовите на Управниот одбор е предложена корекција на референтните цени на некои лекови од причина што за нив Министерството за здравство утврдило*

*единствена цена пониска од референтната. Согласно законските прописи, референтната цена не може да биде повисока од единствената.*

*Снежана Костадиноска Милошеска побара објаснување на методологијата за утврдување на единствената цена од страна на министерството.*

*Слаѓана Пешевска одговори дека постапката за утврдување на единствените цени се спроведува во Министерството за здравство, односно во Бирото за лекови па најдобро е од таму да се побара објаснување.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***
*и*

***Заклучок:***
*За следната седница на Управниот одбор да се повика директорот на Бирото за лекови за пред членовите на Управниот одбор да ја објасни постапката и методологијата за утврдување на единствена цена на лековите.*

***ТОЧКА 8-*** *Одобрување на средства за проект ХОПЕ*

*Слаѓана Пешевска објасни дека мината година Управниот одбор по барање на Владата и Министерството за здравство одобри 15.000 американски долари за транспорт на лекови од донација вредна повеќе милиони долари. Реализацијата на донацијата продолжува и оваа година па од Фондот е побарано повторно да одобри средства за оваа намена.*

*Снежана Костадиноска Милошеска укажа дека во Законот за донации е утврдено како се постапува во врска трошоците за реализирање на донација. Побара стручните служби на Фондот да го проучат овој пропис па потоа барањето за одобрување на средства да биде ставено на дневен ред на Управниот одбор.*

*Членовите на Управниот одбор го поддржаа овој предлог, по што едногласно се одлучи оваа точка да се симне од дневниот ред и да биде повторно предложена за разгледување кога стручните служби на Фондот ќе изготват информација за намирувањето на трошоците за донации согласно Законот за донации.*

***ТОЧКА 9-*** *Разно*

*9.1 Мислење од стручната служба за барања од здравствените установи за корекција на буџетските плафони*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека мислењето на стручната служба е исто за сите барања бидејќи и нивниот основ е ист. Сите здравствени*

*установи опфатени со мислењето бараат повеќе средства за трошоците на работењето. Доколку станувааше збор за трошоци заради зголемен обем на укажаните услуги, Фондот тоа ќе го земеше во вид. Исто така објасни дека буџетите на здравствените установи се соодветно димензионирани па сега на почетокот на годината е рано за да се утврди дека буџетот на некоја установа е недоволен за успешно работење.*

*По ова, Љубиша Каранфиловски предложи Управниот одбор врз основа на мислењето од стручниот колегиум односно менаџментот на Фондот да донесе заклучок барањата на здравствените установи за зголемување на буџетскиот плафон да се разгледуваат откако ќе поминат три до шест месеци од годината. Тогаш веќе ќе може да се добие слика за работењето на здравствените установи и соодветното димензионирање на нивните буџети.*

*Членовите на Управниот одбор го поддржаа предлогот и одлучија да се уважи мислењето на стручната служба, односно барањата за зголемување на буџетските плафони да се одбијат.*

*9.2 Барање од ПЗУ „Д-р Биљана Коцевска" од Велес*

*Лазар Трајчев објасни дека од здравствената установа бараат да биде склучен договор со важење од 01.01.2008 година. Потоа на членовите на Управниот одбор им беше ставена на увид документацијата од предметот.*

*Борис Јосифовски праша кога биле поднесени документите на што од Лазар Трајчев доби одговор дека тоа било сторено навремено по повикот од Фондот за поднесување понуди од здравствените установи.*

*Аљбон Џемаили и Страшо Наумоски се согласија дека договори може да се склучуваат само со понудувачи кои доставиле комплетна документација. Потоа Страшо Наумоски додаде дека аналогно на одлуката на јавните здравствени установи да им се даде рок за комплетирање на документација треба и на оваа установа да и се определи примерен рок.*

*Борис Јосифовски праша зошто известувањето за некомплетна документација е доставено дури на 19.02.2008 година.*

*Лазар Трајчев објасни дека и покрај тоа што повикот за склучување на договори со здравствените установи за 2008 бил објавен во септември 2007, доставувањето на понудите продолжи и во наредните месеци. Фондот имаше толеранција за ова задоцнување затоа што доколку постапеше во рок, со голем број на здравствени установи не ќе можеше да се склучи договор. Дури и на 01.01.2008 околу 250 здравствени установи имаа некомплетна документација. Поради тоа рокот беше продолжен и известувањето е пратено во февруари. Нагласи и дека продолжувањето на рокот и барањето за дополнување на некомплетната документација не се обврска на Фондот бидејќи условите за склучување на договори и потребните документи беа правовремено објавени меѓутоа е сепак направено по барање на Лекарската комора и на Здружението на приватни лекари.*

*По ова, Трајче Леов предложи Фондот да ги извести здравствените установи со некомплетна документација кои документи треба да ги достават а по комплетирањето со нив да склучи договор со важење од датата на комплетирањето на документите.*

*Овој прелог беше поддржан од пет членови на Управниот одбор а Љубиша Каранфиловски беше воздржан од причина што смета дека не треба да се прекинува континуитетот на договорите за 2007 и 2008 година. На тој начин, Управниот одбор донесе*

***Заклучок:***
*Фондот да ги извести здравствените установи со некомплетна документација за документите кои треба да ги доставаат а по комплетирањето со нив да склучи договор со важење од датата на комплетирањето на документите.*

*9.3 Барање од ПЗУ „Д-р Наумче Мицески" од Охрид*

*Лазар Трајчев во врска со ова барање кажа дека според документацијата на барателот при поднесувањето на понудата, асистентот во ординацијата немал соодветно образование. Асистентот со соодветно образование е вработен на 28.02.2008 а здравствената установа бара да и биде склучен договор од 01.01.2008 година.*

*Управниот одбор го уважи ова објаснување и одлучи барањето да биде одбиено.*

*9.4 Барање од Лекарската комора на Македонија за одобрување на средства за обука на лекарите за работа со програмите*

*Страшо Наумоски го прочита барањето од Лекарската комора кое се однесува на одобрување средства за обука на лекарите за користење на компјутерските програми. Потоа дополни дека Лекарската комора смета дека лекарите не се доволно обучени за работа со програмите па поради тоа им треба повеќе време за користење што е на штета на вниманието кое треба да им се посвети на пациентите.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека Фондот нема законска можност да донира средства за здруженија, невладини организации па дури ни за едукација на вработените. Поради тоа, на барањето не може позитивно да се одговори.*

*9.5 Барање од Министерството за здравство за изменување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека укажувањето од Министерството за здравство за измени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во врска со групата на Bisphosphonati не е во согласност со постапката за изменување на Листата. Оваа постапка се поведува пред Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на*

*Македонија. Поради тоа му препорача на Управниот одбор да му укаже на Министерството на овој процедурален пропуст. Предложи во врска со ова барање Управниот одбор да побара и стручно мислење од Комисијата за ревидирање и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со укажувањето по што едногласно одлучија Министерството за здравство да се извести за постапката за изменување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и да се побара стручно мислење од Комисијата за ревидирање и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*9.6 Информација за снабденоста на аптеките со лекови*

*Слаѓана Пешевска објасни дека првата дистрибуција беше извршена по 10.01.2008 година и дека состојбата е подобра од очекуваното. Забележаните проблеми се надминати поради што се очекува во месец март да имаме одлична снабденост.*

*Аљбон Џемаили дополни дека за проблемите со снабденоста удел имаат и веледрогериите кои ја испорачуваат стоката помеѓу 20 и 25 ден во месецот.*

*Борис Јосифовски праша кој ги одобрува требувањата на аптеките на што Слаѓана Пешевска објасни дека тоа го прави фармацевтскиот сектор на Фондот и тоа само од аспект на вклопување на требувањето во утврдената квота на аптеката.*

*По ова, Управниот одбор ја прифати информацијата за снабденоста на аптеките.*

*9.7 Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје*

*Слаѓана Пешевска објасни дека со предложениот правилник се утврдуваат платите за новите работни места кои беа воведени со измените и дополнувањата на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на минатата седница на Управниот одбор.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје***

*9.8 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита*

*По предлог на директорот Тренкоски, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита***

*со која се продолжува временското важење на Одлуката за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита до 31.03.2008 година*

*9.9 Приговори од работни односи*

*Слаѓана Пешевска ги запозна членовите на Управниот одбор дека се пристигнати приговори од двајца вработени во Подрачната служба Прилеп по што им подели примерок од приговорите.*

*Управниот одбор одлучи приговорите да бидат разгледани на следната седница.*

*По ова, Управниот одбор во 13.30 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***